**ски,** уметнички раководител на Детската ликовна колонија Кратово.– Учениците од разни основни училишта во Република Македонија, во Кратово престојуваа седум дена во текот на јуни оваа година, каде што по свој избор на белиот лист хартија сликаа разни интересни објекти од гради, а двете трети ги освоија **Милка Јакимова** од Кратово и **Дејан Божиновски** од Куманово.

Како што бевме информирани, од идната година оваа традиционална Ликовна колонија, која што ги стимулира ликовните таленти од основните училишта, ќе биде меѓународна. **Н. П.**

# Британската култура – ликовна инспирација

● Во конкуренција од 465 ликовни творби, над 130 ги разубавуваат просториите на Музејот на град Скопје, а три се наградени.

Во рамките на Деновите на британската култура во Македонија, Градското здружение на ликовните педагози од Скопје и Британската амбасада, распишаа ликовен конкурс за учениците од петто до осмо одделение од нашата држава на тема: „Како ја доживувам културата на Велика Британија". Од пристигнатите 465 ликовни творби, над 130 веќе ги разубавуваат просториите на Музејот на град Скопје, а од нив три ликовни творби се наградени. Автори на трите еднакви награди се учениците: **Игор Габеров,** осмоодделенец од ОУ „Васил Главинов" од Велес, како и шестоодделенките **Нина Крстевска** од ОУ „Лазо Ангеловски" и **Тања Попова** од ОУ „Јан Амос Коменски", двете од Скопје. Наградените ученици, благодарение на Туристичката агенција Компас од Скопје, наскоро ќе престојуваат во Лондон, каде што ќе имаат можност на најубав начин да ги разгледаат древните културно-историски знаменитости на овој град, една од најубавите светски метрополи.

Сите ученици – учесници на овој ликовен натпревар, меѓу другите ги поздрави и **Марк Дикенсон,** британски амбасадор во Република Македонија, кој меѓу другото истакна дека децата се иднината на македонско-англиското пријателство. **Н. П.**



**Бојан Павлески VII, ОУ „Мирче Ацев" Скопје: „Мироцвет"** **Ликовен педагог: Марија Костова**